РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1693/3
26-07-2024

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 8-ма седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1693/1 од 31.05.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а пријавата да се проследи на надлежно постапување до ///.

Предметот со број 12-1693/1 од 31.05.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1693/1 од 31.05.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на незадоволство од постапувањето на надлежните државни органи и институции во врска со (не)остварувањето социјални права на подносителот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени прилози.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Надлежен орган кој со закон е овластен да постапува по пријавата на подносителот е ///, заради што пријавата ќе се проследи до овој орган на надлежно постапување.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Б. Ц., член

Доставено до:
- Подносителот на пријавата
- Народен правобранител на РСМ